**ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ**

# Годишен извештај

## За работење на
## Службата за внатрешна ревизија

**(за период од 01.01.-31.12.2020 година)**

**Скопје, 2021 година**

# С О Д Р Ж И Н А

| | Страна |
|---|---|
| 1.Вовед | 3 |
| 2. Цели на Внатрешна ревизија | 4 |
| 3.Опис на извршени редовни ревизии | 4 |
| 4.Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола | 5 |
| 5.Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабости, статус, степен на имплементација на препораките | 6 |
| 6.Реализација на Годишниот план за работа за 2020 година и останати активности на внатрешната ревизија | 7 |

# 1.Вовед:

Внатрешната ревизија е активност замислена да додава вредност и да го подобрува работењето во друштвото.
Внатрешната ревизија претставува потреба на современото претпријатие од воведување сопствен, дополнителен облик на надзор, со цел да го испита системот на интерните контроли,што ги вршат сите вработени како составен дел од своите редовни работни обврски, да ја оцени ефикасноста на системот , да ги открие слабите точки во негово функционирање и да предложи корективни мерки за намалување или елиминирање на забележаните аномалии.
Внатрешната ревизија е елемент на внатрешниот систем на контрола, поставен заради испитување, вреднување и известување за функционирањето на сметководствените и другите интерни контроли во работењето на Друштвото.
Службата за внатрешна ревизија е независна организациона единица и кон Одборот на директори има обврска да доставува извештаи за работењето во Друштвото.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 415 - в, точка 1 и 2 од Законот за Трговски Друштва ( Сл. Весник бр.48/10 ) и член 20 од Правилникот за организациона поставеност, правата и одговорностите, односите со другите организациони единици во Друштвото и организација и систематизација на службата за внатрешна ревизија, Службата за внатрешна ревизија изработи извештај за своето работење за периодот од 01.01 - 31.12.2020 година.
Извештајот за работењето на Службата е изработен согласно одредбите во споменатите акти и ги содржи следните информации:

-Опис на извршените редовни ревизии на работењето во ФЕРШПЕД АД Скопје.

-Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешна контрола,

-Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабости, статус и оценка на имплементација на препораките,

-Реализација на Годишниот план за работа за 2020 година и останати активности на внатрешната ревизија во текот на овој период.

Во текот на извршувањето на своите активности, Службата за внатрешна ревизија , тежнееше да обезбеди објективна, независна оценка на адекватноста на внатрешните контроли. Со тоа се постигнува ефикасно извршување на работните процеси и истите да се во согласност со интерните политики, процедури и законска регулатива како и со целите на деловната политика на акционерското друштво.

## 2. Цели на Внатрешна ревизија

Во текот на спроведување на своите активности, а согласно Годишниот план за работа на службата, усвоен од Одборот на директори на Друштвото, Службата за внатрешна ревизија се раководеше од целите да обезбеди независна оценка на степенот на усогласеност на работењето во Друштвото со пропишаните процедури за работа и законската регулатива.
Целта на Службата за внатрешна ревизија е зголемување на вредноста и подобрување на работењето во Друштвото, како и задоволување на статутарните барања на истото.
Испитување, истражување и анализа на одделни активности во Друштвото и давање на одделни предлози и совети во насока на подобро функционирање на Друштвото исто така е цел на внатрешната ревизија.

## 3. Опис на извршени редовни ревизии

Во текот на изминатата година, Службата за внатрешна ревизија ги реализираше активностите согласно Годишниот план за работењето на Внатрешната ревизија за 2020 година, која се базираше на оценката на степенот на ризичност, значење на областа која се ревидира, како и промените што се извршени во самите работни процеси.
Ревизиите беа извршени преку имплементација на интерното упатство и процедурите усогласени со стандардите за професионална примена на внатрешната ревизија.
Во првиот квартал на 2020 година, како што беше и планирано во Годишниот план за работењето на службата, прво се изготви годишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за деловната 2019 година.
Во третиот квартал беше изработен полугодишниот Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија. Сите редовни ревизии беа извршени според планот во текот на годината, при тоа обрнувајќи внимание на времето потребно за извршување на контролите, трошоците поврзани со истите, а со цел да не се намали ефикасноста во работењето на Службата за внатрешна ревизија.
При спроведување на контролите наидовме на добра соработка од страна на вработените во Друштвото, и на увид ни беа доставени потребните документи за разгледување и составување на поединечните извештаи за извршени редовни ревизии.
Во периодот јануари-декември 2020 година реализирани се следните ревизии по одделни области за работењето на акционерското друштво:

**Преглед на извршени поединечни ревизии во текот на 2020 година**

| Ред.бр. | јануари-декември | бр.на препораки |
|---|---|---|
| | **Редовни оперативни ревизии** | |
| 1. | **Редовна ревизија**<br>**-Контрола во Сектор ЈЦС** | 1 |
| 2. | **Редовна ревизија**<br>**-Контрола во Одделение за сметководство –** излезни фактури | 2 |
| 3. | **Редовна ревизија**<br>**-Контрола во Одделение за сметководство –** Усогласување на сметководствена евиденција со комитенти | 1 |
| 4. | **Редовна ревизија**<br>**-Контрола во Сектор за царински работи** | 1 |
| 5. | **Вонредни ревизии** | - |
| | **Вкупно:** | 5 |

Извештаите за извршените редовни ревизии заедно со акционите планови се доставуваат до Претседател на Одборот на директори и до раководителите на Секторот во кој се врши ревизија.
Акционите планови се од интерен оперативен карактер и во нив детално се изнесени идентификуваните слабости – наоди, препораки, рокови, одговорните лица за имплементација на дадените препораки.
Истите и служат на Службата за внатрешна ревизија во постапките за редовна проверка на статутот за имплементација на препораките во соработка со надлежните организациони единици.

## 4.Оценка на адекватноста и ефикасноста на системите на внатрешната контрола

Внатрешната контрола претставува континуиран процес на активности кои се спроведуваат од страна на сите нивоа во акционерското друштво, органите на управување, менаџментот и сите вработени за да се обезбеди постигнување на следните цели:

- изработка на навремени и точни финансиски извештаи,
- зголемување на економичност, ефикасност и ефективност на севкупното работење,
- усогласеноста со интерните политики на друштвото и законските прописи кои се однесуваат на него.

Внатрешната ревизија при потврдување на адекватноста и ефикасноста на системот на интерна контрола се раководеше од најзначајните компоненти и цели и тоа:

-дали процесите и активностите кои беа предмет на ревизија се регулирани со интерни политики и процедури и дали истите се во согласност со законската регулатива,

-дали е воспоставена правилна поделба на овластувањата и одговорностите во рамките на процесите и активностите кои беа предмет на ревизија,

-дали процесите и активностите се адекватно подржани од информатичкиот систем на акционерското друштво,

-дали системските контроли во апликативните решенија се доволни, сигурни и безбедни за да се спречат намерни и ненамерни грешки и доволно ефикасни за да ги минимизираат ризиците во работењето и

-дали системот на интерна контрола овозможува препознавање и проценка на значајни ризици на кои е изложено акционерското друштво.

**Мислење:**

Врз основа на извршените поединечни ревизии може да изразиме разумно уверување дека најголем број од контролите кои се неопходни за да се пресретнат клучните ризици во Друштвото се воспоставени и функционираат.
Од преземените ревизорски активности, и утврдените состојби и факти, врз основа на податоци по случаен избор, постои разумно уверување дека работењето во Друштвото се одвива според законската регулатива.
Во поединечните ревизии каде што беа идентификувани слабости во системот на интерни контроли, предложени се препораки за надминување на истите, кои се предмет на континуирано следење, во насока на спроведување на препораките.
Општа констатација е дека во Друштвото деловните процеси имаат висок степен на соодветни системски софтверски решенија.

**5.Наоди и дадени препораки за надминување на идентификуваните слабости, статус, степен на имплементација на препораките**

Сумарен извештај за наодите, препораките и статусот на нивната имплементација е прикажан во табеларен преглед во прилог на овој извештај. Истите беа детално презентирани во извештаите на Внатрешната ревизија. Исто така согласно усвоеното упатство, Службата за внатрешна ревизија ја следеше имплементацијата на предложените препораки.
Сознанијата кои ги прибави внатрешната ревизија како резултат на следење на реализацијата на дадените препораки генерално укажуваат дека препораките се почитуваат и спроведуваат, дел се спроведени, а за останатите се преземаат потребните активности, што значи нема негативни коментари или забелешки во поглед на наодите и препораките. Идентификуваните наоди, и дадените препораки, се од оперативен карактер.

Табеларен, статистички преглед на предложени и реализирани препораки, според дадените рокови за имплементација:

| препораки | број | % |
|---|---|---|
| имплементирани | / | / |
| имплементација во тек | 5 | 100% |
| неимплементирани | / | / |
| Вкупно доспеани | / | / |
| Вкупно недоспеани | / | / |
| Вкупно предложени | 5 | 100% |

**6. Реализација на Годишниот план за работа за 2020 година и останати активности на внатрешната ревизија**

Од страна на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани предвидените редовни ревизии согласно Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2020 година.
Службата ги следеше измените на законски прописи кои се однесуваат на работењето на акционерското друштво,и забележа дека се превземаат сите потребни активности како би се испочитувал датумот на стапување во сила на измените во законот.

Службата за Внатрешна ревизија ги следеше активностите во друштвото за изготвување на интерни извештаи кои треба да се усогласени со оние кои се пласираат до надворешни институции, финансиските, консолидираните и други извештаи за кои е значајно запазување на рокот за објавување на истите.
По одредени стручни прашања внатрешната ревизија беше консултирана и даваше свое мислење и совети на вработените во друштвото.
Во периодот јануари-декември 2020 година, спроведените редовни и дополнителни активности во рамки на усвоениот Годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија беа реализирани од страна на еден ( 1 ) вработен - Раководителот на Службата.

Февруари, 2021 год.

Раководител на СВР,
Александра Гиевска - Димитровска